**20242554458**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 декември 2024 година.

Бр. 08-6057/1
12 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 86/2008, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16) во член 8 во ставот (1) зборовите: „прописите за просторното и урбанистичкото планирање“ се заменуваат со зборовите: „прописите за урбанистичко планирање“ .

Член 2

Во член 16 по ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6), кои гласат:

„(3) Правно лице носител на дозвола за управување со гробишта која е одземена поради неисполнувањето на кој било од условите од членот 15 став (1) од овој закон не може да добие дозвола за вршење на истите работи за кои се однесува одземената дозвола во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(4) Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое правното лице може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.

(5) Правното лице чија дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од осум дена од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(6) Правосилното решение за одземање на дозвола се евидентира во Регистарот за издадени и одземени дозволи од членот 15 став (6) од овој закон. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи правосилното решение за одземање на дозволата го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (3) на овој член.“.

Член 3

Во член 21 по ставот (7) се додаваат четири нови става (8), (9), (10) и (11), кои гласат:

„(8) Физичко или правно лице носител на дозвола за вршење на погребални услуги која е одземена поради неисполнувањето на кој било од условите од ставот (1) на овој член не може да добие дозвола за вршење на истите работи за кои се однесува одземената дозвола во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(9) Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое физичкото или правното лице може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.

(10) Физичко или правно лице чија дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од осум дена од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(11) Правосилното решение за одземање на дозвола се евидентира во Регистарот за издадени и одземени дозволи од ставот (14) на овој член. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи правосилното решение за одземање на дозволата го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (8) на овој член.“.

Ставовите (8), (9), (10) и (11) стануваат ставови (12), (13), (14) и (15).

Член 4

Во член 33 во ставот (5) зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на трудот и социјалната политика“ се заменуваат со зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на социјалната политика, демографијата и младите“.

Член 5

Во член 42 во ставот (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (4) зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 42-а во ставот (8) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 7

Во член 45-б во ставот (1) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Во ставот (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 8

Во член 46 во ставот (1) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Во ставот (6) зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 9

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.